# ПОЛИТИКА ЗА КВАЛИТЕТ

**Политиката за квалитет АДИНГ АД ја утврдува заради обезбедување дека производите кои ги испорачува и услугите кои ги дава ги исполнуваат искажаните и реални барања на корисниците како и важечките закони, прописи и стандарди.**

**Ориентираност и цел на АДИНГ освен на македонскиот пазар, да биде и остане лидер на пазарот во Југоисточна Европа и конкурентен во Светот во поглед на давање квалитетни услуги и производи за градежништвото:**

- ***Адитиви за бетон и малтери, смеси за залевање, репарација на бетони, индустриски и спортски подови, китови, хидроизолации, заштитни премази, противпожарни материјали, градежни лепила, декоративни премази и малтери, смеси за израмнување и градежни производи.***

**Оваа цел АДИНГ ја остварува со спроведување и постојано подобрување на QMS усогласен со барањата на стандардот ISO 9001:2000, што опфаќа:**

- ***Утврдување и управување со процесите кои придонесуваат за задоволство на желбите и потребите на корисниците, спроведување мерки за зголемување на задоволството на корисниците како и ефикасно решавање на приговорите со цел да се добие нивната доверба;***
- ***Остварување лидерска улога на раководството со креирање на амбиент кој ги охрабрува соработниците да ги достигнат зацртаните цели;***
- ***Активно учество на вработените во развојот, планирањето, спроведувањето и вреднувањето на сите активности во процесите на реализација на производите и услугите;***
- ***Идентификација, утврдување и менаџмент со процесите и ресурсите кои се потребни за спроведување, одржување и постојано подобрување на QMS;***
- ***Постојано подобрување на квалитетот на производите и услугите;***
- ***Одлучување врз основа на собраните и анализирани податоци согласно со барањата на Системот за квалитет;***
- ***Развивање партнерски односи со добавувачите кои се бираат според нивните способност редовно да ги исполнуваат утврдените барања во однос на Системот за квалитет;***
- ***Постојана модернизација на опремата и обука на вработените согласно нивната стручна компетентност, знаење и искуство со постојано едуцирање на сите нивоа;***
- ***Политиката за квалитет е достапна за сите вработени и на јавноста.***

***Високото раководство е одговорно за периодично преиспитување на актуелната Политика за квалитет, доследно спроведување и нејзина реализација со вклучување на сите вработени.***

***Скопје 01.02.2008 год.***

***Генерален директор***

**Благој Дончев дипл.град.инж.**